**20170330539**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 90, став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ГРАФИЧКИОТ РЕГИСТАР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и начинот на водење на графичкиот регистар за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 229/2015), по членот 20 се додава нов наслов и нов член 20-а кој гласи:

„Електронски запис

Член 20-а

(1) По финално извршената контрола од членовите 19 и 20 од овој правилник, се генерира електронски запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот план, односно урбанистичко-планската документација, односно урбанистичко-проектната документација кои се предмет на контролата го исполнуваат квалитетот од тематски и тополошки аспект.

(2) Електронскиот запис од ставот (1) на овој член содржи податоци за:

- единствениот идентификатор на урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација,
- датум и час на финално извршената контола
- корисничкото име и
- назив на правното лице носител на лиценцата.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-6374/1
13 март 2017 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Анета Јорданова**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
ГРАФИЧКИ РЕГИСТАР ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

ЕЛЕКТРОНСКИ ЗАПИС

На ден _____. _____. _____ во __:__ часот извршена е финална контрола на
ден месец година

_______________________________________________________________
урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација,

со единствен идентификатор број _______________, доставен од од страна на

__________________________, од овластен планер _______________________, со
назив на правно лице име и презиме

корисничко име _________________________.

По извршената финална контрола се потврдува дека напред наведениот/та,

_______________________________________________________________
урбанистичкиот план, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација,

го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект.